Македонија денес

 23.3.99

### ПРЕТСЕДАТЕЛСКАТА РЕЗИДЕНЦИЈА ВО МСУ?

# Резиденција за галерија

Така, и покрај несомнениот негативен прием во јавноста што го доживеа оваа идеја при нејзината промоција, упорноста со која се бара нејзиното остварување и загриженоста меѓу уметниците отвораат простор за сомничавост дека власта баш се намерачила следниот македонски претседател да го смести на Кале.

Минатата недела, на собраниската седница, на која се разгледуваше интерпелацијата на претседателот на Собранието, Саво Климовски, меѓу другите аргументи што ги искажа опозиционата СДСМ, поткрепувајќи го своето барања, со резигнација беше спомената и решеноста на првиот човек во парламентот за резиденцијата на идниот македонски претседател да ги обезбеди оние пет илјади метри квадратни корисна површина со кои располага Музејот за современа уметност.

Сомневањата на политичката опозиција ги поткрепуваат и тврдења во уметничките кругови, според кои собранискиот претседател веќе упатил барање до министерот за урбанизам, Душко Кадиевски да се разгледаат можностите за изградба на претседателската резиденција на Кале, со посебен акцент на можноста за преадаптација на Музејот за современа уметност.





*Според уметничките кругови, иницијативата за преадаптација на Музејот за современа уметност во претседателска резиденција ја надминала фазата на идеја и навлегла подлабоко во можноста за реализација*

Така, Музејот, кој минатата пролет, за една елитна свадба, еднократно беше искористен како кафеана, сега е соочен со опасноста подолгорочно да биде користен како - резиденција. И сето тоа во годината кога Музејот ја бележи 35 - та годишница од своето постоење.

Музејот е, всушност, подарок на полската влада и, според тврдењето на уметниците, претставува едно од најсовремените здания од ваков тип во Источна Европа. Проектот на Музејот го изготвил прочуениот архитект Корбизие, а неговите фундуси содржат околу 5000 дела од многу светски реномирани и домашни автори, кои донирале во скопскиот музеј. Гласиците дури навестуваат дека просториите на некогашната стоковна куќа „Скопјанка„ се понудени како депоа за сместување на колекцијата со која располага Музејот за современа уметност, што зборува дека оваа иницијатива за пренамена навистина е во поодмината фаза - ако не на реализација, тогаш на размислување!

А, 35 - та годишнина од постоењето на Музејот, сепак, е време за поинакви размисли. Необично е што никому во државава не му падна на ум можноста, на пример, во годината на музејскиот јубилеј да се овозможи препокривање на оваа национална институција, бидејќи нејзиниот покрив одамна прокиснува. Или можеби е време за разгледување на една друга идеја, што со луцидност, својствена единствено на креативните луѓе, ја лансираа некои уметнички кругови во градов како логична разврска, а не како чин на протест против барањето за пренамена на Музејот - Собранието на Македонија да се пренамени во национална галерија! Без цинизам и иронизирање на оваа, и онака, апсурдна ситуација, уметниците неодамна пласираа идеја дека собраниската зграда со своите просторни потенцијали и поставеност во централното градско подрачје навистина претставува идеален простор за национална галерија, во која би било изложено севкупното културно богатство на Македонија. Нешто што одамна и недостига на државава, дури и многу повеќе од претседателска резиденција.

**Ј.Ф.**